РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-40/1
10.01.2025 год.
РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од декември 2024 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 7604 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од декември 2024 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ увоз-извоз Куманово, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-1236/6 од 23.12.2024 година.
4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 08-215-3-2024 од 12.04.2024 година, изработен од ДПТУ „АЛФА-ГЕОДЕТ" ДООЕЛ Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-7/2024 од 12.04.2024 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 0901-586/24 од декември 2024 година, извршен од Друштво за трговија и услуги „БИЛД УРБАН" ДООЕЛ Скопје.

## Образложение

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 66211, заведено под број 22-1236/1 од 07.11.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од декември 2024 година, изработен од Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг „ПЛАНЕРИС“ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на класа на намена А4.7-куќи за потребите на селски туризам на к.п.бр.1778 КО Отошница, Општина Ранковце, со тех.број 16/24 од декември 2024 година, бр. 22-1236/6 од 23.12.2024 година, со предвидена класа на намена:

- **А4.7**- куќи за потребите на селски туризам

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- **А4.7**- куќи за потребите на селски туризам согласно Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)..

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), и Правилник за урбанистичко планирање („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2025.01.10 11:31:00 +01'00'

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски**

Borche Spasovski

Digitally signed by Borche Spasovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=248755, title=Gradonacalnik, sn=Spasovski, givenName=Borche, cn=Borche Spasovski
Date: 2025.01.10 11:29:28 +01'00'